# ОПШТИНА БИТОЛА
**Градоначалник**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02) и донесената Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2020 година бр. 09-20/9 од 09.03.2020, Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

## С О О П Ш Т Е Н И Е

за организирање на **Јавна презентација и Јавна анкета** за **Предлог Детален урбанистички план за Четврт Центар 4, Блок Ц.04.03 (изменување и дополнување) - Општина Битола.**

Јавната презентација за **Предлог Детален урбанистички план за Четврт Центар 4, Блок Ц.04.03 (изменување и дополнување) - Општина Битола,** ќе се одржи на ден **24.09.2026 година (четврток) во 10.00 часот** во Салата на Совет на Општина Битола, на Бул. 1 ви Мај бр. 61 Општина Битола.

**Предлог Детален урбанистички план за Четврт Центар 4, Блок Ц.04.03 (изменување и дополнување) - Општина Битола,** се однесува на опфатот кој е дефиниран со следните граници: на исток по осовина на улицата „Никола Тесла", на југ по осовина на улицата „Елпида Караманди", на запад по осовина на улицата „Широк Сокак" и на север по осовина на улицата „Димитар Илиевски – Мурато". Површината на планскиот опфат во рамки на зададените граници изнесува 3,36 ха.

Графичкиот прилог од **Предлог Детален урбанистички план за Четврт Центар 4, Блок Ц.04.03 (изменување и дополнување) - Општина Битола,** ќе биде изложен на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од **16.09.2026 год.** и на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk во панелот за јавна презентација и јавна анкета и информацискиот систем е-урбанизам.

**Јавната анкета за Предлог Детален урбанистички план за Четврт Центар 4, Блок Ц.04.03 (изменување и дополнување) - Општина Битола, ќе трае 10 работни денови почнувајќи од 22.09.2026 година заклучно со 05.10.2026 година.**

Во одредениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со предлог планот, можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови, во писмена форма, кои можат да ги подигнат од шалтерите на Општина Битола или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

# ОПШТИНА БИТОЛА
**Градоначалник**

Се повикуваат правните и физичките лица од конкретното подрачје на предлог планот да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е од наш заеднички интерес.

08-1093/3
11.09.2026
Б И Т О Л А

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Битола

Тони Коњановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk